

Фенолошкиот календар ги дава датумите и времетраењето  на цветање на медонсната флора во одредени подрачја. Ова  е од основно значење за пчеларството и  еден од најважните услови при избор на локацијата за поставување пчеларник а посебно ако се работи за стациониран пчеларник. Но познавањето на фенологијата на медоносната флора е значајно и за селечкото пчеларење за да се направи добар временски распоред при селењето на пчелините заедници.

Растенија што даваат позначајна рана пролетна паша се леската, дренот, врбата, каќумката , игличката, кокичето  и д.р.